Овој леток е дел од серијата напишана од медицински сестри, лекари и експерти со искуство во негата за стари лица. Серијата има за цел да го олесни вашиот пат до сместување во дом за нега на стари лица. Побарајте други летоци за прашања што треба да ги поставите за специфични потреби за нега. Овие може да се преземат на: **www.10questions.org.au**

Преселувањето во резиденцијален дом за нега на стари лица може често да биде тешка и емотивна одлука. Повеќето служби за нега на стари лица мора да бидат акредитирани за да работат, но има голема разлика во начинот на кој се водат, па затоа е важно да ги поставите вистинските прашања кога барате дом.

Што е најважно, ќе треба да најдете дом кој ќе ви обезбеди нега која е културно и јазично соодветна, инклузивна, чувствителна и ги задоволува вашите индивидуални потреби.

Најдобар начин да најдете дом кој ви одговара е да посетите неколку различни домови. За да најдете домови во вашата област, можете да го користите **My Aged Care Aged Care Home Finder** со повик на **1800 200 422** или посетете ја веб-страницата **myagedcare.gov.au**

Декември 2022 година

# ВАШЕ ПРАВО Е ДА ПРАШАТЕ

Ако ви треба застапување или стручен совет за било кое прашање што не е опфатено во овој леток:

**My Aged Care**
**1800 200 422**
**myagedcare.gov.au**

**Служба за писмено и усно преведување (TIS)**
**131 450**

Овој леток е составен и одобрен од:

NSW Nurses & Midwives' Association; MCCI Multicultural Communities Council of Illawarra; Geriatric Medicine NSW Division; Seniors Rights Service; Carers NSW Australia; COTA New South Wales; CPSA Combined Pensioners & Superannuants Association; CSGPN; Professor Dimity Pond PhD BA MBBS FRACGP; Health Consumers NSW; Australian Nursing & Midwifery Federation; Country Women's Association N.S.W.; QACAG Quality Aged Care Action Group Incorporated; OWN; WEL

За целосна листа на организации за поддршка, посетете ја веб-страницата **www.10questions.org.au**

Ако имате загриженост за некоја установа за нега на стари лица, контактирајте:
1800 951 822

Australian Government
Aged Care Quality and Safety Commission
**www.agedcarequality.gov.au**

# 10 Прашања да поставите

## ЗА

## ВАШИТЕ КУЛТУРНИ ПОТРЕБИ ВО УСТАНОВА ЗА РЕЗИДЕНЦИЈАЛНА НЕГА ЗА СТАРИ ЛИЦА (CULTURAL AND LINGUISTIC - MACEDONIAN)

MCCI Multicultural Communities Council of Illawarra — Partners in Culturally Appropriate Care (PICAC) NSW & ACT
NSW Nurses & Midwives' Association

**www.10questions.org.au**

## 1 Дали има двојазичен персонал кој може да го зборува вашиот јазик?

Резиденцијалните домови за стари лица може да имаат вработен персонал кој може да го зборува вашиот јазик за да ви помогне со вашите секојдневни потреби за комуникација ако вашиот претпочитан јазик не е англискиот. Погрижете се да има персонал кој може да го зборува вашиот јазик достапен во секоја смена.

## 2 Дали се грижат за културните избори на храна?

Изборот да јадете разновидна храна која е хранлива, избалансирана, подготвена свежа и прифатлива во одредена култура е важен за вашето здравје и благосостојба. Прашајте дали домот има различни избори на мени погодни за вашите културни диететски потреби.

## 3 Дали има конкретни куќни правила за кои треба да знаете и кои може да се разликуваат од вашата рутина?

Некои домови за нега на стари лица може да имаат правила кои го одредуваат времето на спиење, времето на оброци и кога се обезбедува лична нега. Дознајте колку избор имате со вашите секојдневни активности за да се осигурате дека тие ги задоволуваат вашите културни потреби.

## 4 Кои се давачките и надоместоците за услугите и дали ќе има дополнителни трошоци?

Вашите приходи и средства ќе одредат колку ќе треба да платите за вашата нега. Исто така, ќе се утврди дали ги исполнувате условите за каков било вид субвенција. Некои домови за нега на стари лица може да имаат дополнителни трошоци за одредени предмети или основна дневна цена. Прашајте го домот колку ќе чини вашата нега.

## 5 Дали се признаваат културните потреби?

Разбирањето и вреднувањето на културната различност е од суштинско значење бидејќи културата е дефинирачка карактеристика на идентитетот на една личност. Многу организации сега се грижат за специфични културни потреби, без оглед на вашето потекло. Осигурете се дека службата може да ги задоволи вашите културни потреби.

## 6 Дали се излегува во пресрет на верските практики и духовните верувања?

Верските практики и духовните верувања се многубројни и разновидни низ мноштвото култури во нашето општество. Дознајте како домот за нега на стари лица им помага на своите жители со нивните верски и духовни потреби.

## 7 Дали се охрабруваат семејството и пријателите да посетуваат по погодност на жителот?

Семејството и пријателите имаат важна улога во многу култури. Дознајте дали има рестрикции што може да ја ограничат посетата. Ако вашето семејство сака да сподели оброк или да преноќи, дали е тоа дозволено?

## 8 Дали имате некоја културна активност со која редовно се занимавате?

Дали има специфични културни активности во вашата дневна рутина или социјалните интеракции? Осигурете се дека резиденцијалниот дом за нега на стари лица е свесен за важноста овие активности да бидат вклучени во вашата дневна рутина.

## 9 Какви се аранжманите за сместување?

Навиката да се живее на одреден начин може да биде одлучувачки фактор кога барате дом за нега на стари лица. Погрижете се да сте задоволни со предложените аранжмани за живеење. Дознајте што можете, а што не можете да понесете со себе.

## 10 Поднесување жалба?

Имате право да се жалите ако не сте задоволни. Дознајте како да поднесете жалба во вашиот дом за нега на стари лица. Преведувачите можат да помогнат ако се јавите на Службата за писмено и усно преведување (TIS) на 131 450.